Врз основа на член 37 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19) и член 106 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 16 февруари 2023 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за запирање на постапка

1. Постапката поведена по Приговорот поднесен од Спировски Слободан од Скопје УП2 бр. 09 – 238/22 од 18 ноември 2022 година СЕ ЗАПИРА.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

### О б р а з л о ж е н и е

Спировски Слободан од Скопје до Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија поднесе Приговор УП2 бр. 09 – 238/22 од 18 ноември 2022 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучок на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-958 од 10 октомври 2023 година издадено од КЕЦ Аеродром.

Спировски Слободан од Скопје на 7 февруари 2023 година до Регулаторната комисија за енергетика достави Изјава во која изјавува дека го повлекува поднесениот Приговор.

Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против ова Решение може да се поведе управен спор пред Управен суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр. 09-238/22**
**16 февруари 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги**
**на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**